






18.01.2007, 18:35

ДЕБАТА

## СКОПЈЕ ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ, НО ДАЛИ СО ОБЈЕКТИ ОД СТАРИ РАЗГЛЕДНИЦИ



**Трибина на „Утрински весник“ за прашањето дали е неопходно во центарот на Скопје да се градат објекти како реплики**

ЉУПЧО ПОПОВСКИ
БИЛЈАНА АНГЕЛОВСКА

Пред поставувањето темели за изградбата на старо-новиот театар во Скопје и најавена изградба на Градската куќа како реплика на урнатиот Офицерски дом, „Утрински весник“ организираше дебата за тоа какви нови градби му требаат на главниот град. Дали тие треба да го отсликуваат моментот во којшто живееме и смелиот поглед кон иднината или со предложените нови градби во срцето на Скопје, што значи во срцето на Македонија, ќе инсистираме на обновување на некои објекти кои беа дел од неговиот пејзаж до 1963 година и кои треба да го вратат толку споменуваниот предземјотресен дух. Во јавноста се води повеќемесечна дебата дали навистина е неопходно да се изградат како реплика Стариот театар и Офицерскиот дом.

Во дебатата учествуваа државниот секретар во Министерството за култура Елизабета Канческа-Милевска, како претставник на Владата, градоначалниците на градот Скопје и на Општина Центар, Трифун Костовски и Виолета Аларова, двајцата познати архитекти чиј проект неодамна беше награден на Биеналето во Венеција - Минас Бакалчев и Митко Хаџи Пуља, и актерот Никола Ристановски. Ова е дел од таа мошне интересна расправа за сегашната состојба на Скопје и визиите за иднината во неговата изградба.

Електронско издание




ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СЕ УШТЕ НЕПРООДЕН ПАТОТ ТЕТОВО ЈАЖИНЦЕ
- ДВИЖЕЊЕТО БЕСА БАРА ИТНО ДА СЕ ПРОЦЕСИРААТ СЛУЧАИТЕ “МОНСТРУМ” И “СОПОТ”
- ПОПЛАДНЕ НЕСТАБИЛНО СО ПОРОЕН ДОЖД И ГРМЕЖИ
- ЗГОЛЕМЕНИ ТРОШОЦИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НОВИ СТАНОВИ
- ЛЕГЕНДАТА ПЕПЕ ЗАМИНУВА ОД РЕАЛ- НЕ СЕ ПОЗДРАВИ СО ЗИДАН

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Обилни врнежи

| ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ | САБ |
|---|---|---|---|---|
| 28 | 28 | 24 | 27 | 30 |
| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
| 30 | 30 | 29 | 30 | 28 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Од оградата на Владата ќе се прават клупи и настрешници
- Заев ќе има петмина заменици
- Силно невреме ја зафати Македонија





**Елизабета Канческа-Милевска** - Во програмата на Министерството за култура, а и во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, беа ставени некои деловни објекти што ги започнавме да ги реализираме. Прво ќе спомнам за театарот. Иницијативата за изградба на театарот е започната уште пред да дојде оваа влада, од страна на Министерството. Всушност, иницијативата за изградба на Стариот театар постои уште од 1984 година. Од професорот Дамјан Жерновски е изработена студија, при што во првата фаза е извршено анкетирање на околу илјада граѓани, на сите тогашни актери во Скопје и проектантски организации на големите претпријатија. Потоа, оваа иницијатива во 1990 година е доставена до Републичкиот секретаријат за образование, култура и наука, во времето кога го водеше Саво Климовски и е прифатена оттаму. Значи, направивме еден континуитет. Беше објавен конкурс за идејно решение и тимот на архитектот Жан Стефановски ја доби првата награда. Само продолживме во однос на тоа што беше сработено претходно. Објавивме втор тендер за инсталации, климатизација и водовод и сме во фаза на изработка на тендер за сценска техника и акустика. За ова воспоставивме соработка со театарот „Иван Вазов“ од Софија и со театрите од Белград , бидејќи таму се обновени повеќе театри, така што мислам некаде во февруари ќе се објави тендерот за сценска и акустика.

Што се однесува до Градската куќа и за забелешката дека првата награда на конкурсот е многу мала, 250.000 денари, тоа е затоа што Градската куќа треба да го задржи обликот на Офицерскиот дом. Што ќе биде внатре е друго прашање. За овие објекти сме во комуникација со градоначалникот Костовски, од Градот добивме барање што треба да содржи Градската куќа - свечена сала што постоела и во Офицерскиот дом, матична сала за венчавки, кабинетот на градоначалникот, канцеларии за Советот.

Со овие проекти се отвораме кон архитектонското творештво. Најавивме изградба на сала на Македонската филхармонија, објавен е конкурс за музеј на ВМРО жртви на комунизмот.



**Минас Бакалчев** - Би сакал малку да направиме една дистанца кон целата оваа акција. Само по себе градењето на градот е позитивно, бидејќи во Скопје не се гради (ако не ги вклучиме станбените објекти). Не е само крајниот производ тоа што е вредно, туку е вредна и самата обнова. Акцијата е вредна сама по себе. И тоа треба да се управува, менаџира, да се поддржи мислата. Што е она што создава недоразбирање. Посегнувањето по некакви историски модели го дефокусира целиот овој проект. Наместо да зборуваме за тоа како да се управува со проектите, како да се реализираат, зборуваме за она што треба да го донесе проектот.

До таа точка би се согласил, понатаму, во однос на историските реплики, имам јасно мислење - предизвик на секое време, секое место и на сите луѓе кои живеат во едно одредено време и место да се обидат да остават за себе да кажат. Во тој контекст сум многу резервиран кон историските модели и на театарот, а и на сликата на Офицерскиот дом. Според мене, го паметиме градот не само како слика, туку и по она како функционира низ просторот. Важно е како да се направат тие волумени, важна е и типологијата, но изразот е она што на крајот ќе го донесе проектот, нешто што ќе го даде архитектот. Не е нужно да се посегнува по историските слики. Во таа смисла, Скопје го гледам како еден заробеник на тие стари разгледници. Колку



Утрински весник / По...
57,472 likes
Like Page
Share
138 friends like this

Deutsche Welle
Кој од балканските лидери е љубимец на Ангела Меркел?
Дизајнерските дроги земаат сѐ повеќе жртви
„Вардар“ шампионски ќе го поплави Скопје

поскоро излеземе од нив, тоа ќе биде подобро. Една автентична култура се гради со автентичен напор. Не можеме толку брзо, ад хок, да ги решиме ситуациите. Треба навистина да се напрегнеме и како луѓе, и како општество да го направиме она што треба да ја одбележи сегашнава ситуација.



**Виолета Аларова** - Вие мора да имате визија за тоа. Наместо Офицерски дом во таа класична градба, мора да имате некоја визија за иднината. Дали гледате некој дваесеткатен стаклен хотел „Шератон". Тоа значи да биде во стакло и во метал. Не сакам да венчавам во стакло и метал. Сакам да имам чувство на преодност. Гледајте го „Лумикс". Не сакам да се венчам во „Лумикс". Венчавката е поврзување на генерација, континуитет на животот. Венчавките во Скопје биле најубави.



**Бакалчев** - Мислам дека целата оваа ситуација го враќа Скопје во една предмодерна состојба. Го враќа Скопје во 19 век, ниту во 20 век не го враќа ваквото резонирање. Не може така. Не може да ги отфрлиме вредностите, глобалните културни текови. Идеализам може да постои, но не можеме целата клима да ја вратиме кон една таква предмодерна ситуација во резонирањето. Уште повеќе треба да излеземе од исклучивоста. Она од што страда Скопје, целиот проект на модернизација на Скопје на 20 век, без исклучоци, дури и фазата на европеизација на Скопје, е игнорантскиот однос кон неговата историска матрица. И Офицерски дом, и Ристиќева палата, и Народната банка имале вредност, но неговата најголем вредност се модерните проекти што ги има Скопје. А врвната вредност што ја поседува е објектот од модерната од триесеттите години - Градската болница. Тоа е врвна вредност што ја има како антологија. Модернизацијата, а особено овој функционалистички дел на модернизацијата во 1950-тите, 1960-тите години функционираше врз база на исклучивост. Поземјотресната реконструкција го наследи тој механизам. Тој ја игнорираше околината, и монументите и контекстите. Се плашам дека овој сентимент што почнал во осумдесеттите години како една постмодерна ситуација го наследи или го зема истиот механизам на исклучивост. Ако 20 век беше век на исклучивости, сега треба да ги најдеме корелациите на сите тие делчиња, фрагменти што ни останаа. Градот е урбана ситуација, мрежа, не линија. Сепак, во 21 век треба да бидеме поотворени и да гледаме кон нештата како да ги споиме, како од нив да извлечеме повеќе, да ги пресоздадеме. Тоа е пораката. Никако комерцијална архитектура. Обично доаѓаме во спрега на она - ако не е нешто старо, тогаш треба да е во стакло. Тоа се вештачки дилеми. Театарот ќе се гради. Сто метри од него, што се случува на плоштадот „Карпошово востание". Тој плоштад е замислен речиси тогаш кога театарот е завршен, од тогашниот голем градоначалник Јосиф Михајловиќ. И што имаме денеска – узурпација на тремот кој бил главна одлика на проектот на плоштадот. Ве молам, зборуваме за фасадата на театарот, а овде е узурпиран просторот. Мислам дека треба да го чувствуваме градот, не само да гледаме слики. И на крајот, кога се' ќе заврши, не ќе постои ни зрно од цивилноста што ја имало Скопје и треба да ја има преку такви објекти како што е театарот, како што е Градската куќа.



**Трифун Костовски** - Не значи дека архитектонски добар објект е и прифатлив за обичните луѓе. Живееме на ова поднебје, во кој било стан, кафеана, ќе видите слики од старо Скопје. Сакале или не сакале, тоа ве асоцира на нашето минато. Дали било подобро или полошо, знаете,

меморијата го брише лошото и секојпат остануваат спомените на доброто. Не би навлегувал во дискусија дали тоа е модерно или немодерно и не би се споредувал во ниту еден момент и не сакам да се споредувам со Лас Вегас или со Венеција. Ништо во Америка архитектонски не ме плени, освен оние зданија што се градени во 19 век. Како градоначалник и' благодарам на Владата, имаше смелост да каже: почнавме да градиме капитални објекти во градот. Кензо Танге и Циборовски го градеа Скопје како град на иднината. Нивната идеја беше Скопје да изгледа футуристички, а не да почива на едно историско богатство што го има во себе. Господине Бакалчев, какво е вашето мислење за бетонската зграда на новиот театар, сега Опера и Балет.





**Бакалчев** - Тоа е архитектонско ремек-дело.

**Костовски** - За жал, морам да ви кажам дека е побитно како го доживуваат граѓаните. Според мене, тоа е обичен бункер. Визуелниот приод му е космички како да живееме во некоја планета каде што нема воздух и каде што целиот живот како да се одвива во дупка.

**Бакалчев** - Уште е побитно како го прикажуваме. Затоа што тоа е култура, негување, како го одржуваме, како го прикажуваме. Имате една слика на Пикасо, ако не обрниме внимание дека е важно тоа, дека ако не ги едуцираме граѓаните, ќе биде како да немаме ништо. Не можеме да живееме во Македонија изолирано од културата, воопшто, од светот. Затоа ви кажав, се враќаме во предмодерната, пред онаа европеизацијата на Скопје, пред отоманизацијата на Скопје.

**Костовски** - Има во овој свет предодредени нации и народи што имаат право да бидат уникатни во овој свет во кој живееме. Од тој аспект, можам да кажам благодарност до Владата дека ќе се гради Градска куќа, затоа што живееме во бараки. Повеќе припаѓам на едно минато овде. Сакам и со минатото да живееме овде. Ние сме исконски луѓе кои го сакаме тоа. Обновувањето на македонската држава е по илјада години. Ќе обновуваме некои објекти по 40 години. Во што има грев? За мене има едно правило - на подарен коњ заби не се гледаат. И затоа сите овие објекти треба да се градат. Друго е прашањето, кога би ме прашале мене како градоначалник, дали е тоа приоритетно. Буквално, со визијата на Кензо Танге и на Циборовски, го обезличивме Скопје.

Човек мора да ги има сите удобности дома, вода, струја, канализација, греење, гас и најевтина енергија. Можеби малку ја префрлувам темата, тежиштето на проблемите, меѓутоа, така ги гледам проблемите. Сето ова што го прави Владата го разбирам, сака да остави белег зад себе. Апсолутно ја поддржувам Владата во ова. Нема да влегувам во полемика дали е тоа добро архитектонско решение или не. Сепак, ме потсетува на некои денови од моето детство дека постоел тој објект. Народната банка и Офицерскиот дом беа двата најзначајни објекта. Кажете ми кои други објекти ги имаме, освен Ристиќевата палата, еве, и вие ја спомнавте Градската болница, што повеќе имаме во Скопје. Дебар Маало се уништи, како да не постои.

Ние ќе дадеме белег на ова време. Точно е дека ќе има полемика во истиот момент кога ќе се почне каков било проект. За мене е најбитна одлуката да почне да се гради. Јасно е дека Скопје не може да претендира за метропола

ако нема добар театар, ако нема концертна сала, ако нема градска куќа. За театарот говориме како за архитектонски објект, а зошто ги занемаруваме постојните објекти од таа област, Драмски театар и МНТ, кој денес работи со капацитет од пет отсто.



**Никола Ристановски** - Објектот на МНТ, всушност, е Опера и балет. Македонскиот народен театар сега се сведува на монтажна барака која беше наменета да функционира пет години. Зборувајќи за театарот, ќе зборувам глобално, по малку и за архитектурата. Прво, носталгијата е феномен. И, ако се следи етимологијата, се доаѓа до еден интересен заклучок дека тоа е копнеж по непознато, или уште повеќе, копнеж што резултира со незнаење. Носталгијата може да биде и продуктивна, но и контрапродуктивна. Мислам дека оваа изградба има најмалку три аспекти. Првиот е театарското прашање - дали да градиме театар или не. Одговорот е да, бидејќи тоа прашање е малку и општествено и социјално, но, пред се', е театарско. Вториот аспект е архитектонско прашање и тука би дал еден мал пример. Генерално, тој што ќе ги дава парите ќе одлучи како ќе изгледа објектот. Сите имаме носталгија кон „ фолксваген - буба“. Но, не мислам дека денеска е модерно да се вози „буба“. Затоа е направена е нова „буба“, како некаков пример од архитектура или дизајн. Новата „буба“ е одличен автомобил, многу атрактивен и легитимен, не е реплика на „бубата“, туку нова креација. Проблемот со таа нова „буба“ е што ќе ја паркираме во измет, и тоа не само површен измет, туку еден длабоко вкоренет измет, во смисла на дизајн, архитектура и криминал. И третиот аспект на ова градење е политичкиот, можеби последен, но многу важен, во смисла кому ќе му се книжи. Многу ми е гајле кому ќе му се книжи! Премногу сум заинтересиран да се изгради убав театар во градов и нема да разговарам дали ќе биде стар или нов. Во последните 15 години во државава не е изградено едно училиште. Она што е изградено се трговски центри. Сега се работи за концепт, стар-нов објект. Имам емотивен однос кон театарските зданија, но во оваа ситуација, морам да признам, не ми е приоритет тоа. Не ме интересираат политичките мотиви. И нека е од политички мотиви, ама нека направи добро. Мислам дека Рим е изграден од политички порив и тоа е легитимно.

**У.В.** - Дали на политичарите им треба повеќе храброст кога размислуваат за изградба на нови објекти?

**Ристановски** - Повторно влегуваме во политички аспект, бидејќи тој се наметнува како многу важен, па потсвесно и пресуден дури и во архитектонска смисла. На нашата политика и' недостига визионерство, дури и краткорочно. И тоа ни се одразува на архитектурата и е тесно поврзано со тоа како изгледа градот. Одбивам да го протолкувам наметнувањето на старото решение како носталгија со која се премачкува суштината. Ајде да се сетиме како некогаш ни било убаво затоа што сега ни е лошо. Најголемиот страв ми е од визионерството на оние што го продуцираат сето тоа.



**Аларова -** Проблемот на Скопје е тоа што, Никола Ристановски, го немам доживеано во вистински простор последниве години. А мене тоа ме осиромашува. Затоа треба да направиме простор за нас, за културата, за да го имаме тоа задоволство. Старо-нова сцена, не ми е битно. Сепак, треба да си похрабар за да извадиш нешто старо отколку да направиш нешто ново. Новото доаѓа, не може да се сопре. Знам што значи да влезете првпат во еден театар. Просторот се освојува, потребни се години, тој простор не не' освои. Можеби белиот објект на МНТ е врвно архитектонско дело, но тој поради лошите услови, неодржувањето, седиштата во кои пропаѓаш,

недовршеноста на објектот не' одбива. Секој простор во културата се освојува.

**Бакалчев** - МНТ е врвно архитектонско достигнување, просторно достигнување на Балканот и во Европа. Тој објект е антиципација на една цела тенденција на архитектурата, тоа е драгоцено и од историски, и од хронолошки, а и од просторен ефект. Наше е како ќе го негуваме тоа, како ќе го поддржуваме, ќе се едуцираме.

**Ристановски** - Се согласувам дека тој има свој архитектонски квалитет и како форма. Но, тој е некомпатибилен за театар. Дури и за опера и за балет. Внатре е технички лош за одржување, од греење до ладење и слично. Имаме здание, но тоа нема врска со театарот.

**Костовски** - Ако е толку фасцинантен, дали театарот е сликан однадвор или е ставен на некоја разгледница?



**Митко Хаџи Пуља** - Долг период шпицата на програмата на МТВ се емитуваше токму со сликата на театарот, каде што изгледа како кристал.

**Аларова** - Направив една мала авантура во Општината. Од Матично каде што се венчаваат младите, направив една патека до портата на Старата учителска школа, со две клупи и мало зеленило. И сега нема брачна двојка, а да не се слика на таа порта по регистрацијата. Вие не знаете што значи тоа за младите, кои потоа одат на Кале.

**Хаџи Пуља** - Не е занемарливо прашање за односот на оние што раководат со општеството и јавниот простор како таков. Контролата и дефинирањето на просторот значи контрола и дефинирање на животот. Прво, прашањето е малку општо во однос на политичарите. Не можеме сите политичари да ги ставиме во ист ранг. Во изминатите 15 години, веројатно, западнавме во еден синдром на себе непрепознавање. Не препознавајќи се себеси национално, не можевме ни просторно да се препознаеме. Имаме разни пароли што владееја, а можеби владеат и сега, а кои не' дефинираат историски, просторно и со една ограничена трајност од педесетина години. Резултат на таквата несвесност за себе предизвикува неотпор спрема сите што ја напаѓаат идејата на Македонците да постојат како такви и, конечно, идејата на просторот што го гледаме ваков каков што е. Затоа мислам да го поставиме прашањето на себепрепознавање, на себесвесност, дали мислејќи на Скопје, дали мислејќи на Македонија се препознавам себеси или не. Ова е нешто фасцинантно, одеднаш да се започнат визии на неколку точки. Треба да се погрижиме сите да успее оваа акција на себесогледување, што другите градови, инаку, ја прават нон-стоп. Она што нам ни недостасува како народ, како историски момент, е свеста за нештата. Секое уметничко дело претставува некаков знак, има комуникациска димензија во светот. Преку тој знак комуницираме како општество, како луѓе. Се запрашуваме, каква е нашата слика за светот ако не градиме вака како што градиме и какви се значењата што ги испраќаме на другите што се надвор од нашиот цивилизациски круг. Значи, не би го свел, во крајна линија, прашањето на естетскиот аспект дали треба театарот да личи или не. Тие матрици за кои сега Владата прави акција да ги оживее во одредено време имале извонредна улога. Тие матрици можат и сега да се искористат, можеби можат да бидат интерпретирани во ликовна смисла. Во себе кријат одредени формули. Треба да ги препознаеме формулите. Мое мислење е дека треба на некаков начин да имаат белег на сегашниот постоен момент. Мојот став не е да се негира, напротив, акцијата треба да се поддржи. Меѓутоа, ставот не може да биде ист, зашто ниту луѓето не се исти.

Ова ми изгледа на херојски период. Одеднаш да се поставаат толку прашања и да се отворат. Се плашам, од технички аспект, дали имаме капацитет. И за меѓународен конкурс треба да имаш капацитет. Каков ќе биде капацитетот на оние што треба да оценуваат. За да го оценат вистински, треба да бидат луѓе од страна. Сите можеме да имаме поединечни ставови, но сите треба да зборуваат за тоа како да направиме подобро, како да биде поубаво. Да бидеме свесни дека наеднаш сакаме да правиме неколку објекти, дека извесен период сме стагнирале. Не сме правеле артефакти на себепрепознавање. Луѓето треба да знаат дека не е само архитектот што ќе

нацрта, туку треба да се организираат уште илјадници други луѓе за да го спроведат, да го донесат, да го направат и тоа да стои. Сите се важни, архитектите се само делче од приказната.

Дали мислите дека со четири илјади евра, без оглед што е зададена формата, ќе се добијат максимално квалитетни решенија за Градската куќа?

**Костовски** – Мислам дека ќе биде посилна желбата кај секој архитект, па макар и без пари да го направи проектот и да се знае дека тоа е негово дело. Тоа е предизвик за таа фела иако овде има и меѓународен тендер. Меѓутоа, би го направил исклучиво со сопствени кадри од сопствени луѓе кои размислуваат на наш идентичен начин. Тоа е одраз на реалната процена на личните доходи што функционираат во нашата држава. Ниту актерите не се добро платени, ниту архитектите или градежните инженери. За жал, живееме во сивило.



**Бакалчев** – За мене ова е предизвик. Не би сакал да дискутирам за финансискиот дел иако тој дел ќе засега во суштината на архитектонскиот проект. Не во овој случај, туку, воопшто, во општествената легитимација, што значи финансиска, временска, идејна, на архитектонскиот проект. Мислам дека архитектонскиот проект долго време е во криза и, меѓу другото, затоа има ваква недовршеност и недооформеност на објектите, на магдеталите и на се' друго. Меѓутоа, тоа е друга тема. Ова е повеќе тема на идејност, на една волја кон градот. Кажавме кои се критични, спорни моменти, во однос на историските модели, некритичко преземање на историските модели, некаков вид алиби, ја поздравивме целата акција. Се надевам дека тие пораки, тие размислувања ќе наидат на одобрување. Секој треба да се преиспита. Сакам да кажам дека оваа средба ја гледам како средба што ќе го изрази множеството, а не исклучивоста.

Статијата е прочитана 7138 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Судењето на Бошкоски и на Тарчуловски ќе почне на 16 април**
**Цената од 120 евра за годишна виза за Бугарија ги разлути граѓаните**
**Македонија побара од Белград да ја испорача Чочоровска**
**Алити на отстрел во ДУИ поради поразот во Сарај**
**Бучковски тврди дека нема да прави партија, но фракцијата се официјализира**
**Со лустрацијата можаат да бидат засегнати 12.000 лица!**

## КОМЕНТАРИ

**marjan**, 19.01.2007 06:15:04
A be kakvo gradenje!!! Toa eden most od kamenja 10 godini ne mozime da go obnovime, kamo li nesto drugo da izgradime!!! NE VERUVAM!

Кликнете за оценка: 49 | 62

**Ѓорѓи Џбун**, 19.01.2007 09:39:24
Скопје вакво какво што е не личи воопшто на европски град туку на вештачки изграден (како оние што Сталин, ги градеше низ сибир во втората светска војна, за да го избегнат налетот на Хитлер, тип Новосибирск и други...) Дај да се изградат сите тие стари градби како офицерски, народната банка, еве театарот и други на своите места а место за нови стокатници од стакло, бетон и железо има колку сакаш, сакаш аеродром, сакаш карпош или зошто па да не какај чаир... Ова ако му го направите на Скопје ќе ве славиме како светци довека, вас иницијаторите и подржувачите на оваа

идеја. Само напред, ако треба организирајте донаторски конференции има луѓе кои би донирале и за вакви историски објекти а не само за цркви и крстови... А ти Бакалчев и Пуљa одете на друго место правете експерименти од типот на бункерот или скокалницата планица како што го викавме на времето таканаречениот бетонски монструм МНТ ајт...

Кликнете за оценка: 54 | 53

---

**Benedict**, 19.01.2007 10:30:31
Tragicno e sto vo Skopje shaka nostalgicari uspeaa da protnat restavracija na objekti be z nikakva arhitektonska vrednost potochno mizerni kopii na Evropska Arhitectura kako shto bea oficerski,teatarot,bankata... So toa gradot ja gubi shansata da dobie vredni arhitectonski ostvaruvanja na najatraktivnite lokacii. Za toa se krivi arhitektite vo gradot ako voopshto gi ima.

Кликнете за оценка: 55 | 66

---

**Meto**, 19.01.2007 10:54:43
Dobra e idejata za povtorno izdiganje na starite skopski prepoznatlivi objekti. A se gasniot MNT stvarno izgleda kako bunker kolku e arhitektonski profesionalen toa ne go percepira nitu interersira obicniot graganin. Sum sretnal luge od drugi drzavi koi solzat koga ke im pritekne za staro Skopje so objektite sekako , i luge koi ne videle nisto znamenito i interesno vo segasno skopje

Кликнете за оценка: 53 | 50

---

**aleksandar,Genova**, 19.01.2007 11:17:59
boze sacuvaj....citam i nemozam da se iznacudam na ovie gluposti izreceni od nasive politicari...Ne e dosta samo da se stane bogat i politicki mocen za da moze da se pluka so banalnosti od tipot maticno i razglednici so romanticen tip...kolku ste vie jadni,epten vi e tesno pred ocite...fala bogu seuste ima nekoj kako Minas i mitko pa da ne poducat malce poveke sto e toa kultura i dostignuvanje...samo djabe...ne e za vas visa matematika

Кликнете за оценка: 56 | 61

**Damjan, Skopje**, 19.01.2007 12:30:13
Луѓе едно нешто сфатив. Кога кај нас ништо не се прави- се е супер. Граѓаните на Скопје, а очигледно и архитективе се задоволуваат со по некоја чешмичка, нови клупи, па и некоја дивоградба. Абе, видете го Загреб (да не одиме подалеку), толку убави стари згради и паркови, а се разбира има и доста модерни и високи градби. Како прво и основно конечно ке добиеме добар театар за разлика од шупите кои ги нарекуваме скопски театри, и ке има нешто да покажеме на странските граѓани. За разлика од тоа што го мислиме тие не доаѓаат тука да зјапаат во ЕСМ и Зоил или да јадат во МекДоналдс...

Кликнете за оценка: 54 | 55

**Andrej**, 19.01.2007 12:45:16
Super e idejata za Oficerskiot dom i Stariot teatar. No spored mene Oficerskiot dom treba da ima druga namena sega a toa e da bide sala za vencavanje (poveke sali) a ne kako sega mizerno i toa edna pa se ceka i zakazuva so meseci. Teatarot pokraj teatar da e i kulturno katce pa da ima umetnici pokraj kej pa da se sredi i kejot i da se prefrli zivotot i turizmot od dvete strani na Vardar

Кликнете за оценка: 57 | 61

---

**DE**, 19.01.2007 13:42:02
Treba povtorno da se izgradat Oficerskiot Dom i Stariot Naroden Teatar. Osven Ristikeva Palata, Skopje nema nitu eden star objekt. Ima samo eden kup beton.

Кликнете за оценка: 58 | 57

---

**Asen Todorov**, 19.01.2007 13:48:51
Navistina smessni raboti. Vo Skopje vekje 2 meseci e aktuelna aferata so milion divogradbi t.n. urbana mafija i ne se gleda razressnica, a gospodava sednale da fantaziraat i naklapaat.

Кликнете за оценка: 54 | 48

**Predrag Terzioski**, 19.01.2007 13:59:23
Problem na dve krajnosti.Mitko i Minas ziveat u naucna fantastika. Trifun i Violeta u nostalgicno minato. Dajte im moznost da si gi odziveat 100 kulturni godini sto im falat A, jas jas ce bidam nostalgicen po noviot teatar , koj ce se srusi sam od sebe ako prodolzat vaka da go odrzuvaat. Sto bi se reklo po skopski ,sve si ima svoe, a i Nikola bil i ce bide najbolji u privremeniot objekt .

Кликнете за оценка: 58 | 63

---

**Roska**, 19.01.2007 14:18:42
Moram da priznaam deka mnogu prijatno me iznenadi inicijativata za povtrono "vrakanje" na nekoi stari objekti vo centarot na Skopje. Sharmot i ubavinata na eden grad ne se reflektira samo preku stakleni i luksuzni zgradi (iako se i tie del od sovremen grad) tuku preku duhot na tradicijata. So segasniot izgled, Skopje ne moze da se pofali deka e evropska metropola. Belgrad i Zagreb zracat so ubavi stari objekti koi gi izdignuvaat dvata grada vo posakuvani turisticki destinacii. Na Skopje mu nedostasuva toj sharm kako i pobogat kulturen zivot. Go podrzuvam "vrakanjeto na staro Skopje".

Кликнете за оценка: 52 | 62

---

**Ѓорѓи Цбун**, 19.01.2007 14:18:48

Супер, ќе се отвори работа за нашите градежни фирми, а знаете ли колку работни места генерира во другите стопански гранки едно работно место во градежништвото а? Отприлика 7, зборам за во нормална западноевропска држава каде што тоа со меѓународниот тендер не го сваќаат толку сериозно како кај нас туку ке најдат начин да откачат се што е странско и си ангажираат свои фирми иако поскапо ке ги чини, ви текнуе? Само да не ја оплескаат нашиве и да ангажираат некоја грчка фирма која што ќе даде повеќе рушвајт како и обично...

Кликнете за оценка: 68 | 78

**vlatko**, 19.01.2007 14:42:18
ma gluposti se toa koj denes ide vo teatar ove teatri sto gi ima sedat prazni so tie pari neka gi sredat ove dva a so drugote pari neka gi sredat ulicite soobrakajot se gusi ,kolite gi iskresivem od dupki i krpenki i propadnata sahti,a na toj trufon sto nema da mu tekne vise ,plaza staro skopje,tranvaj abe glupost do glupost vo 21 prvo vek ke pravi tranvaj:))))

Кликнете за оценка: 45 | 80

**Roska**, 19.01.2007 15:05:34
Moram da priznaam deka mnogu prijatno me iznenadi inicijativata za povtrono "vrakanje" na nekoi stari objekti vo centarot na Skopje. Sharmot i ubavinata na eden grad ne se reflektira samo preku stakleni i luksuzni zgradi (iako se i tie del od sovremen grad) tuku preku duhot na tradicijata. So segasniot izgled, Skopje ne moze da se pofali deka e evropska metropola. Belgrad i Zagreb zracat so ubavi stari objekti koi gi izdignuvaat dvata grada vo posakuvani turisticki destinacii. Na Skopje mu nedostasuva toj sharm kako i pobogat kulturen zivot. Go podrzuvam "vrakanjeto na staro Skopje".

Кликнете за оценка: 79 | 53

**lazar, avignon francija**, 19.01.2007 15:20:07
MNT e super, referencija za nasite arhitekti, mislam deka i nema poubav objekt momentalno vo skopje. sto se odnesuva do zastita i restavracija na starite objekti, ako pravite sekogas kako kameniot most, podobro da si ostane kako sto e, i so malku sreka nema mnogu da cekame za i toa da go izgubime... sramota...

Кликнете за оценка: 50 | 43

**imenjak**, 19.01.2007 15:35:28
gospodinot nikola ristanovski go poznavam licno i on kako coveksto e dojden od drzava kade sto i e roden Od CEska treba da go poslusate malku.i da savite deka ako sakate Makedonija d aima nesto ubavo prvotreba citotata da se sredi i posle da se gradi nesto golemo kako teatar a toa treba da se naprai i da ne se gradi 100 godini tuku se znae se pocuva i se zavrsuva brgo za da moze i drugi raboti da se igradat vo Skopje pa neli treba da se ide napred izgradite ,parkovi napravite neka se voved emalku red eposel se ide sekade i ke vi dojde nekoj da ve gleda .......

Кликнете за оценка: 64 | 47

**Roska**, 19.01.2007 15:58:58
Mnogu me plasi i zaprepastuva pesimizmot i neznaenjeto koi se gledaat vo nekoi od dadenite komentari. Imam vpecatok kako nekoi luge da ne mrdnale podaleku od Skopje. Razbiram deka nekomu mu se povazni ulicite koi treba da bidat mazni i bez dupki (i treba da bidat vazni) samo ne razbiram kakva vrska ima toa so nekakov teatar sto treba da se gradi, ili toa deka treba da ja "ubivame" kulturata vo imeto na krpenjeto na ulicnite dupki. Dvete raboti se podednakvo vazni no ne treba da se mesaat.

Кликнете за оценка: 54 | 53

**Objektiven**, 19.01.2007 18:19:38
Za Lazar od Francija. Ako smeta deka MNT e super, toa znaci deka Lazar e operiran od cuvstvo za ubavo! Kako moze betonska skokalnica da bide ubav arhitektonski objekt? MNT, Univerzitetot Sv. KiM, Zeleznickata stanica i nekoi slicni objekti se vistinska arhitektonska katastrofa i sramota za Skopje i Makedonija! Medjutoa, toa ne znaci deka treba da se obnovuvaat starite objekti so mala arhitektonska vrednost.

Кликнете за оценка: 62 | 52




РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901